# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 11 год.21** |

**Општина Чучер - Сандево, декември 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **Понеделник 31 декември 2018 година** | **Бр. 11 Год. 21** |

# 61.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Буџет на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/1**
**31.12.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

# 62.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

Се објавува **Буџетски календар**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/2**
**31.12.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09,47/11,192/15 и 209/18 ),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа('Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 32 став 1 точка 44 од статутот на општина Чучер -Сандево, Советот на општина Чучер Сандево,на 14-та седница одржана на **31.12.2018** го донесе следниот :

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| Септември | Разгледување на предлог-буџетските барања на општинските буџетски корисници и посебните сектори | Градоначлникот на општината со финансискиот оддел |
| во истиот период | Можност за претставување пред јавноста на генералните планови со буџетот | Градоначалникот на општината |
| во истиот период | Усогласување на буџетските барања, односно предлогот на буџетското барање | Градоначалникот на општината |
| најдоцна до 30 Септември | Буџетски циркулар до општините со насоки | Министерство за финансии |
| Октомври | Дополнителни информации за идната фискална година со потребните насоки се доставуваат до посебните сектори и општинските | Градоначалникот на општината |

| | | |
|---|---|---|
| | буџетски корисници | |
| Октомври<br>Ноември | а) Се собираат буџетските барања<br>б) Барањата се анализираат<br>в) Се подготвува билансот на приходи<br>г) Се подготвува билансот на расходи | Финансиски оддел на општината |
| во истиот период | Подготовка на предлог-буџетот | Финансиски оддел на општината |
| 1 Декември | Предлог на буџетот на општината | Градоначалникот на општината |
| Декември | Предлог буџетот на општината се разгледува во советот и телата на советот (комисиите) | Совет на општина |
| до 31 Декември | Седница на советот за донесување на буџетот на општината | Совет на општина |

**Бр.08-1309/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.12.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 63.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/3** **Општина Чучер-Сандево**
**31.12.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за

финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.2/2003), Советот на општина Чучер-Сандево на **14-та** седницата одржана на **31.12.2018** година, донесе



## О Д Л У К А
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

**Член 3**

Извршувањето на буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

**Член 4**

Корисниците се должни одобрените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

**Член 5**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

**Член 6**

Градоначалникот ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи, реализацијата на расходите и другите одливи на Буџет.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага измени и дополнувања на Буџетот до Советот на Општината.

**Член 7**

Во тековната фискална година, може да се вршат прераспределби во рамки на одобрен Буџет. Прераспределбата во основниот Буџет, како и во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот.

Одобрените средства во Буџетот на ниво на ставки во рамките на потпрограма и Буџет, неможат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во текот на фискалната година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на Буџетот, неможе да се зголеми со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 8**

Во услови кога во Буџетот на самофинансирачките активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други



приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, буџетските корисници доставуваат барање за намалување односно зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува на одобрување до Советот на општината.

**Член 9**

По усвојувањето на Буџетот, буџетските корисници изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

Користењето на средствата во даден квартал буџетските корисници го извршува врз основа на финансиски планови по месеци.

**Член 10**

Исплатата на бруто платите на вработените од Општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори.

Исплатата на бруто платите кај локалните јавни установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на бруто платата на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финасирање на платите на вработените.

**Член 11**

Исплатата на плати на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финасираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни три дена пред исплатата на плати до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат во два примероци обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме како и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-маил и др.) за месецот за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финасираат со блок дотации од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година, се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното Министерство и Министерството за финасии и да приложат образец М-1.

**Член 12**

Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените податоци од корисниците.

По извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на Општината, збирната пресметка и поединечните пресметки Градоначалникот ги доставува до ресорното Министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

Ресорното Министерство доставените пресметки за исплата на платите и надоместоците ги доставува до Министерството за финасии за контрола и евиденција.



**Член 13**

На членовите и претседателот на Советот на Општина Чучер-Сандево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот се утврдува во процентуален износ од 40% од просечната месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

На претседателот на советот за раководење и организирање на работата на Советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 14**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 15**

Висината на потребните средства за исплата на плата за избраните и именуваните лица во општината се утврдува само за градоначалникот и тоа според законски утврдениот коефициент за утврдување на плата на Градоначалникот кој изнесува 2,70. Основица за пресметка на платите на градоначалникот изнесува 26.775, 00 денари.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот на општината.

**Член 16**

На вработените во општинската администрација може да им се исплатува надометок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата и да им се организира превоз до и од работно место, како и исхрана за време на работа.

**Член 17**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на работникот во Општината и во локалните јавни установи им се исплатува помош во висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.



**Член 18**

Во случај на смрт на вработен на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000,00 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живееле во заедница, му припаѓа парична помош од 15.000,00 денари.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во Општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со содветен документ за идентификација (лична карта или пасош).

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 19**

Работникот има право на испратнина при одење во пензија во висина на двократен износ од просечна месечна плата исплатена по вработен во Републиката, објавена до денот на исплатата.

**Член 20**

Надоместоците утврдена во членовите 17 и 18 се исплатува по претходно доставено барање со комплетна документација, од основниот буџет, Потпрограма Д00-Градоначалник, ставка 413-Тековни резерви, а надоместокот од член 19 од ставката 464-Разни трансфери.

**Член 21**

За се што не е регулирано со ова одлука, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, Законот за работни односи, Законот за исплата на платите во Република Македонија, Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија и Колективните договори на ниво на дејност.

**Член 22**

Набавката на стоки и услуги потребни за вршење на редовните функции на буџетските корисници се врши согласно Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово плаќање) во вредност од 6.000,00 денари, при што

задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 23**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите: (постојана и тековна буџетска резерва) одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.



По исклучок од став еден на овој член, за користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари, одлучува Градоначалникот.

Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користење на средствата од резервите.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 25**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општина Чучер-Сандево. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадена писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за внатрешна организација и систематизација.

**Член 26**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утвредниот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаи кога надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 27**

Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечен извештај за извршување на приходите и расходите по сметки и збирно и месечни извештаи за достасани ненамирени обврски. Градоначалникот доставува до Министерството за финасии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот на општината, квартални извештаи за достасани ненамирени обврски и квартални извештаи за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општината во рок од еден месец по завршување на кварталот.

**Член 28**

Буџетот на Општина Чучер-Сандево се извршува од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година.

**Член 29**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево", а ќе се применува од 01 Јануари 2018 година.



**Бр.08-1309/5**
**31.12.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 64.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/4**
**31.12.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 20 став (2) од Законот за платниот промет ("Службен весник на Р.М." бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), Советот на Општина Чучер-Сандево на **14-та** седницата одржана на **31.12.2018** година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со ова одлука се утврдува денарски благајнички максимум за 2019 година во износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**

Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1309/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**31.12.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**



# 65.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО 2019 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници во 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/5** **Општина Чучер-Сандево**
**31.12.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот административните службеници ("Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Советот на Општина Чучер-Сандево на **14-та** седницата одржана на **31.12.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Чучер-Сандево за 2019 година, изнесува 76,80 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1309/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**31.12.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 66.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВОЗА 2019 ГОДИНА**



Се објавуваат **Програма за работа на Советот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/6** — **Општина Чучер-Сандево**
**31.12.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М. " бр. 5/02) и член 23 став 1 точка 3 од Статутот на општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на општина Чучер Сандево" бр.2/03), Советот на општина Чучер - Сандево на **14**-та седница одржана на **31.12. 2018** година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

**I**

Една од надлежностите на Советот на единицата на локалната самоуправа утврдени со Законот за локалната самоуправа е да донесува Програма за работа.

Програмата за работа на Советот, по правило, се донесува на крајот на тековната година за наредната календарска година. Со ваквиот приод се овозможува правовремено запознавање на носителите на активносите со нивните обврски.

Оттука, Програмата ги содржи основните прашања на кои ќе се посвети внимание во текот на 2019 година.

**II**

Во текот на 2019 година Советот на Општината ќе расправа по следните материјали.

**1.Квартален извештај за IV Квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на Општината континуирано да биде запознаен со реализација на буџетот.

**2.Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Чучер - Сандево за 2019 година**



ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици се право и обврска на Советот на Општината што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за јавни патишта.

**3. Програма за јавно осветлување на општина Чучер - Сандев за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Годишната програма за јавно осветлување се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за комунални такси.

**4. Програма за одржување на јавна чистота во општина Чучер-Сандево за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Програма за одржување на јавна чистота се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за јавна чистота.

**5. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој



ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Програма за поставување на урбана опрема се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за градење.

**6. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за заштита на населението од заразни болести.

**7. Програма за активности на општина Чучер-Сандево во обласа на социјална заштита за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за социјална заштита.

**8. Програма за заштита и спасување на општина Чучер-Сандево 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-јануари

Донесувањето на Програма за заштита и спасување на општина Чучер-Сандево 2019 година се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за заштита и спасување.

**9.Програма за работа на Јавното Комунално Претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци - општина Чучер - Сандево за 2019 година**



ИЗГОТВУВАЧ: Јавно Комунално Претпријатие

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје - јануари

Разгледувањето и усвојувањето на програмата за работа на јавните претпријатија е согласно надлежностите на Советот и Градоначалникот утврдени во Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија.

**10. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: II тромесечје-февруари

Разгледувањето и усвојување на Извештај за реализација на годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици се право и обврска што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за јавни патишта, советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**11.Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на програма за работа на Јавното Комунално Претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци - општина Чучер - Сандево за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Јавно Комунално Претпријатие

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје - февруари

Разгледувањето и усвојувањето на извештајот за реализација на програмата за работа на јавните претпријатија е согласно надлежностите на Советот и Градоначалникот, утврдени во Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија, со цел следење на реализирањето на програмата.

**12.Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Партизански дом "Сандево" за 2018 година**



ИЗГОТВУВАЧ: Партизански дом "Сандево"

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје - февруари

Разгледувањето и усвојувањето на извештејот за реализација на програмата за работа на јавните служби е согласно утврдените надлежности на Советот и Градоначалникот, утврдени во Законот за локалната самоуправа, со цел следење на реализирањето на програмата.

**13.Разгледување и усвојување на полугодишен извештај за реализирање на програмите за работа на основните училишта од територијата на општина Чучер-Сандево за учебната 2018/2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Основните училишта на територија на општина Чучер-Сандево

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје - февруари

Разгледувањето и усвојувањето на извештаите за реализирање на програмата за работа на основните училишта е согласно утврдените надлежности на Советот и Градоначалникот на општината во Законот за локалната самоуправа и Законот за основно образование, со цел следење на реализирањето на програмата.

**14. Разгледување и давање согласност на Годишна сметка на Јавното Комунално Претпријатие "Скопска Црна Гора" за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Јавно Комунално Претпријатие

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје - март

Разгледувањето и давањето согласност на годишните сметки на јавните претпријатија е согласно утврдените надлежности на Советот и

Градоначалникот, утврдени во Законот за локалната самоуправа и Законот за јавните претпријатија.

**15. Завршна сметка на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник



РОК: I тромесечје-март

Донесувањето на Завршната сметка за извршување на Буџетот на Општина произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за буџетите. Во Завршната сметка се искажуваат сите приходи и расходи што се направени во текот на една каледарска година.

**16. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на општина Чучер-Сандев за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-март

Разгледувањето и усвојување на Извештај за реализација на годишната програма за јавно осветлување се право и обврска кои произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за комунални такси, Советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**17. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на програма за одржување на јавна чистота во општина Чучер-Сандево за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-март

Разгледувањето и усвојување на Извештај за реализација на годишната програма за одржување на јавна чистота се право и обврска кои произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за јавна чистота, Советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**18.Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-март



Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се право и обврска кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа и Законот за заштита на населението од заразни болести, Советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**19. Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за активности на општина Чучер-Сандево во областа на социјална заштита за 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-март

Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за активности во областа на социјална заштита се права и обврски кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа и Законот за социјална заштита, Советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**20. Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за заштита и спасување на општина Чучер-Сандево 2018 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за јавни дејности

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: I тромесечје-март

**Разгледување и усвојување на Извештајот за реализација на програма за заштита и спасување** се права и обврски кои произлегуваат од Законот за локалната самоуправа и Законот за заштита и спасување, Советот на општината да биде запознаен со реализација на програмата.

**21. Квартален извештај за I Квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за финансиски прашања |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | II тромесечје-април |

Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на Општината континуирано да биде запознат со реализација на буџетот.



**22. Статут на општина Чучер-Сандево**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за нормативно-правни и општи работи |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | II - тромесечје- мај |

На државно ниво заокружен е процесот на децентрализација на власта од државно на локално ниво, со заокружување на пакетот на закони што беше предвиден за донесување со Програмата за децентрализација на власта, усвоена од страна на Владата на Република Македонија.

Донесените закони од пакетот содржат одредби кои упатуваат на регулирање на одредени прашања со Статутот на единицата на локална самоуправа.

Оттука произлегува потребата за донесување на нов Статут на општината кој ќе ги содржи елементите предвидени во новата законодавна регулатива.

**23. Деловник на Советот на општина Чучер- Сандево**

| | |
|---|---|
| ИЗГОТВУВАЧ: | Одделение за нормативно-правни и општи работи |
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник |
| РОК: | II - тромесечје- мај |

Аналогно на обврските за донесување нов Статут на општина Чучер - Сандево се создава основ за поинакво уредување на одредени односи со Деловникот на Советот на општината. Поради ова се предвидува донесување на нов Деловник на Советот паралелно со донесувањето на Статутот на општината, а со цел да се овозможи компатибилност во нивната примена.

**24. Разгледување на годишните извештаи за спроведување на програмите за работа на ОУ од територија на општина Чучер-Сандево во учебната 2018/2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Основните училишта на територија на општина Чучер-Сандево

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: III тромесечје-јули

Разгледувањето и усвојување на Извештај за реализација на програма за работа на основните училишта е согласно утврдените надлежности на Советот



и Градоначалникот утврдени во Законот за основното образование, а со цел пратење на нивното реализирање.

**25. Квартален извештај за II Квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: III - тромесечје-јули

Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на Општината континуирано да биде запознат со реализација на буџетот.

**26. Разгледување и донесување на програмите за работа на ОУ на територија на општина Чучер-Сандево во учебната 2019/2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Основните училишта на територија на општина Чучер-Сандево

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

РОК: III тромесечје-септември

Разгледувањето и донесувањето на Годишната програма за работа на основните училишта е согласно утврдените надлежности на Советот и Градоначалникот во Законот за локалната самоуправа и Законот за основното образование.

**27. Квартален извештај за III Квартал за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: III - тромесечје-октомври

Кварталните извештаи се право и обврска кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на Општината континуирано да биде запознат со реализација на буџетот.

**28. Измена и дополнување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања



ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV - тромесечје до 15 Ноември

Измени и дополнување на Буџетот на Општината ќе се извршат согласно на согледаните состојби во текот на реализирањето на Буџетот во тековната година.

**29. Буџет на општина Чучер Сандево за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV - тромесечје-декември

Основот за донесување на Буџетот како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година е Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

30. Одлука за извршување на буџетот на општина Чучер-Сандево за 2020 година

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за нормативно-правни и општи работи

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV - тромесечје-декември

Основот за донесување на Одлуката за извршување на Буџетот како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година е Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Со одлуката се уредува начинот на трошењето на буџетските средства, се определува наредбодателот на извршувањето на буџетот и се утврдуваат други права кои согласно закон и колективен договор можат да се остваруваат по основ работен однос во општинската администрација или на друг начин да се располага со буџетските средства.

**31. Буџетски календар на општина Чучер Сандево за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на општина Чучер - Сандево

РОК: IV - тромесечје-декември



Изготвувањето и донесувањето на Буџетскиот календар на општина Чучер-Сандево за 2020 година е законска обврска која произлегува од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**32. Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општина Чучер - Сандево за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV тромесечје-декември

Донесувањето на Годишната програма за уредување на градежно земјиште се право и обврска на Советот на Општината, што произлегува од Законот за локалната самоуправа и Законот за градежно земјиште.

**33. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Чучер - Сандево за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за нормативно-правни и општи работи

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV - тромесечје-декември

Основ за донесување на Програмата е член 130 од Деловникот за работа на Советот на општина Чучер-Сандево, според кој Советот работи по Програма што се утврдува за една календарска година. Во програмата се утврдени работи и задачи кои со материјалните закони од различни дејности и со Статутот на општината, се ставени во надлежност на Советот на општината.

**34. Предлог - Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV тромесечје-декември

Донесувањето на Програма за изработка на урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место се право и обврска на



Советот на Општината, што произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**35. Одлука за усвојување на Програма за проекти од областа на културата на ОЈУ Партизански дом "Сандево" за 2020 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Партизански дом "Сандево"

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

РОК: IV тромесечје - декември

Разгледувањето и усвојувањето на програмата за работа на јавните служби е согласно надлежностите на Советот и Градоначалникот утврдени во Законот за локалната самоуправа.

**36.Во текот на годината, во зависност од потребите ќе се предлагаат за донесување одлуки за измена и дополнување на средствата во буџетот за 2019 година**

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**III**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 08-1309/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.12.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 67.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕНА ПОДРАЧЈЕО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-1370/7** | **Општина Чучер-Сандево** |
| **31.12.2018 година** | **Градоначалник** |
| **Чучер-Сандево** | **Јован Пејковски с.р.** |



Врз основа член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 5/02), член 95 од Законот за градежното земјиште (“Службен весник на Р.М“ бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 И 190/16), член 4 став 1 точка 3 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 23 став 1 точка 8 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.2/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **14-тата** седница одржана на **31.12.2018** година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

## I.ВОВЕД

Во рамките на надлежностите на општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, а операционализирани со посебните закони, Општината е надлежна да ги уреди правата и обврските во поглед на градежното земјиште и уредувањето на тоа земјиште, во согласност со закон и други акти.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти на комунална инфраструктурата, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата се врши според урбанистичките планови, општи акти, урбанистичко планска документација или проект за инфраструктура утврдени со закон како и според коефициентот на искористување на земјиштето утврден со плановите.

Уредувањето на градежното земјиште согласно член 95 од Законот за градежното земјиште, се врши врз основа на Програмата што ја донесува Советот на општината.

## II.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Поаѓајќи од надлежностите утврдени со закон, со Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година, (во понатамошниот текст: Програма), се утврдуваат:

-просторот кој е предмет на уредување;

-обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

-обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;

-изворите за финансирање на програмата;

-пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;

-висината на надоместок за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;

-начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;

-динамика за извршување на програмата и



-објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно со закон, што ги финансира Република Македонија, односно инвеститор на кого земјиштето му го отуѓила или дала под долготраен закуп Републиката Македонија.

**1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ**

Просторот кој е предмет на уредување се смета градежното земјиште и земјиштето кое се наоѓа во опфатот на градежниот реон на општината Чучер-Сандево предвидено за изградба на сите видови на објекти определени со општи акти, урбанистичките планови, урбанистичко планска документација или проект за инфраструктура утврдени со закон.

Уредувањето на грдежното земјиште надвор од градежниот опфат ќе се врши со донесување одлука на Советот на општината и согласност од надлежното Министерство, врз основа на изработен УПС, УПВНМ, УПД и ПИ и одобрување на ЛУПД од страна на Градоначалникот.

**2. ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Под обем на работите за подготвување на градежното земјиште се подразбираат:

-оформување на геодетска документација;

-вршење на технички испитувања за градежни парцели на кои ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура;

-изготвување на урбанистички планови и урбанистичките проекти утврдени со закон

-други работи.

Под обем на работите за расчистување на градежното земјиште се подразбира:

-решавање на имотно-правни односи;

-отстранување на уреди, постојани инсталации, градежни и други објекти од градежното земјиште;

-заштита на градежното земјиште од ерозија и друг вид на оштетување;

-други работи.

Расчистувањето на градежното земјиште се врши со цел да се обезбедат услови за опремување на градежните парцели со објекти на инфраструктурата.

**3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Под обем на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура се подразбира изградба на подземни и надземни инсталации и објекти од областа на сообраќајот, електричните инсталации, водовод и канализација, телекомуникации и други инсталации со приклучоци до градежната парцела.



Под степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура се подразбира опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до и во границите на градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура се врши надвор од градежната парцела и во градежната парцела.

**3.1. Опремување со објекти од комуналната инфраструктура надвор од градежната парцела за:**

**а) Заедничка комунална потрошвачка**

-изградба на улици, тротоари, ивичњаци, пешачки и други јавни површини;

-изградба на пристапи до градежна парцела од јавен пат;

-изградба на секундарна, атмосферска и канализациона мрежа до збирна шахта;

-изградба на улично осветлување;

-озеленување на јавни површини и

-други работи.

**б) Инвестициона комунална потрошувачка**

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водоводна шахта;

-изградба на секундарна, атмосферска и канализациона мрежа до збирна шахта;

-изградба на секундарна ниско-напонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени и други објекти;

-изградба на секундарна ПТТ мрежа до приклучниот орман и

-други работи.

**3.2. Опремување со објекти од комуналната инфраструктура во границите на градежната парцела.**

Опремувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура и партерно уредување, го врши инвеститорот, на своја сметка.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште кое е во функција на градежната парцела ги поднесува инвеститорот.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога тоа се уредува.

Уредувањето на градежното земјиште се врши од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Приклучувањето на објектите на електрична и ПТТ мрежа и финансирањето на тие приклучоци се врши во согласност со јавните претпријатија што управуваат со тие системи, а од средствата што се акумулираат по тој основ.



## 4. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**4.1. Изворите на средства за финансирање на Програмата се обезбедуваат од:**

-средства од надоместок за уредување на градежното земјиште (комунален надоместок);

-од цената на комунални услуги;

-средства од надоместок за употреба на градежното земјиште;

-средства од дотации и донации;

-средства од странски влади и странски извори;

-надоместок за поставување на времени објекти;

-вонредни приходи по разни основи (поставување на паноа, реклами и слично);

-средства од стопанисување со инфраструктурни објекти и мрежа;

-средства за изградба на објекти од инфраструктурата од јавен интерес за Републиката и

-други приходи.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште (комунален надоместок), се акумулираат од издавање на одобренија за изградба на индивидуални и колективни станбени објекти, деловни згради и објекти, индустриски објекти, стопански објекти и друг вид на градба.

Изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура, помеѓу други извори се финансира и од цената на комуналната услуга.

Републиката, со Законот за локалната самоуправа, е обврзана да обезбедува средства за општините, преку Буџетот, фондовите, како што е Јавното препријатие за државни патишта, донации без определена намена, наменски средства како што се средствата за изградба на водоводи и слично.

Средствата што се користат за подобрување, изградба и воспоставување на комунална инфраструктура во вид на грантови потекнуваат и од странски влади и странски донатори.

За поставување на времен објект се плаќа надоместок кој исто така треба да биде ставен во функција на подобрувањето и одржувањето на комуналната инфраструктура.

Вонредните приходи стекнати по разни основи, кои што најчесто се остваруваат од поставувањето на рекламни паноа или друг вид на активности, се наменети за уредување на просторот.

Уредувањето на градежното земјиште се врши и со средства за изградба на инфраструктурни објекти од интерес за Републиката, кога таа се јавува како инвеститор.

Другите приходи се неопределени и непредвидени во наброените основи, но ако се појават, ќе бидат насочени во изворот на приходи и распоредени според намената, (пример: средствата од самопридонес).

**5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат согласно реалните трошоци направени за соодветни степени на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура.



Степенот на уреденост на градежното земјиште до границите на градежната парцела се врши според изграденоста на објекти од комуналната инфраструктура, а особено:

-изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
-изградба на електрична мрежа;
-изградба на водоводна мрежа;
-изградба на фекална канализација;
-изградба на ПТТ мрежа;
-изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини, согласно урбанистичките планови;
-изградба на атмосферска канализација и
-други инфраструктурни објекти.

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, што преставува збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверен основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

| | **5.1.Станбени објекти** | Коефи циенти |
|---|---|---|
| 1 | Стамбени простории | 1,0 |
| 2 | Станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор | 0,2 |
| 3 | Лоѓија затворена од три страин | 0,4 |
| 4 | Подлоѓија затворена од две страин балкони, тераси | 0,3 |
| 5 | Балкони, тераси | 0,2 |
| 6 | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| 7 | Помошни простории, острава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| 8 | Трафостаници до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| 9 | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| 10 | Стражарница, управител, процтор за домар | 0,5 |
| 11 | Паркиралиштаи гаражи | 0,1 |

| | **5.2.Деловни и јавни објекти** | Коефи циенти |
|---|---|---|
| 1 | простории | 1,0 |
| 2 | магацини | 0,5 |
| 3 | помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| 4 | трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| 5 | скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| 6 | паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 7 | лоѓија затворена од 3 страни | 0,5 |
| 8 | подлоѓија затворена од две страин | 0,4 |
| 9 | балкони, тераси | 0,3 |
| 10 | отворен наткриен простор | 0,3 |



| | **5.3.Други објекти** | Коефи циенти |
|---|---|---|
| 1 | Катни гаражи | 0,05 |
| 2 | Спортски покриени објекти | 0,5 |
| 3 | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| 4 | Гасни станици и базни станици за 50% површината на локацијата | 1,0 |
| 5 | Отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата | 1,0 |
| 6 | Базени | 0,2 |

| | **5.4.Објекти од класа на намени Г -производство, дистрибуција и сервис** | Коефи циенти |
|---|---|---|
| 1 | Г1 тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| 2 | Г2 лесна и незагадувачка индустрија | 0,05 |
| 3 | Г3 сервиси | 0,05 |
| 4 | Г4 стоваришта | 0,05 |

| | **5.5.Бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервис, авто салони, помошни простории** | Коефи циенти |
|---|---|---|
| 1 | Продажни просториии на бензиските пумпни станици | 1,0 |
| 2 | Услужни простории на бензиските пумпни станици | 1,0 |

| | **5.6.За објектите од група на намени Б 5 -угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од групата на класи на намени А 4** викенд куќи, мотели, хостели, планинарски домови, ловни домови, кампови и сл. | Коефи-циенти |
|---|---|---|
| 1 | Сите простории | 0,05 |

| | **5.7.Останати објекти** | Коефи- |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | | циенти |
| 1 | За агро-берзи, откупно-дистрибутивни центри или пазари | 50% од вкупно пресметаната површина 1,0 |

По исклучок, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

-инсталционите канали
-окната за лифтови
-окна на врати
-отворени паркиралишта
-подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство.



За линиски инфраструктурни објекти - држани патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши инвеститорот.

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот во зависност од местото во кое тој ќе се гради.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се определува во зависност од видот на објектот за кој се плаќа надоместок, степенот на уреденост на градежното земјиште и од реонот во кој се наоѓа објектот.

**6.1. А ДОМУВАЊЕ**

За нови објекти за домување ( А1 семејно домување во стамбени куќи, А3 групно домување) се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина на приземјето и спратовите и тоа:

**6.1.1.** Во селата: Бањани, Бразда, Глуво, Горњани, северениот дел од Кучевиште, Мирковци, Побожје и Чучер Сандево .............................................**6 €**

**6.1.2.** Во јужен дел од Кучевиште, по надворешните граници на КП 5539/1, 5539/2, 5542, 5543/1, 5543/2, 5543/3, 5548, 5552, 5553/1, 5553/2, 5554, 5555,

5556, 5557, 5558/1, 5558/2, 5559, 5402/3, 5402/2, 5402/1, 5403, 5382, 5381, 5378, 5377, 5376, 5386, 5389, 5369, 4959, 4960, 4961, 4962, 4963, 4964, 4968, 4975, 4976, 4986, 4985, 4987/2, 4987/1, 5359, 5357, 5356, 5355, 5354, 5353, 5352, 5351, 5339, 5338/2, 5338/1, 5334, 5335, 5333/3, 5333/2, 5333/1, 5329, 5328, 5327, 5326, 5325, 5324/1, 5324/2, 5324/3, 5324/4, 5060, 5061, 5054, 5052, 5051/1, 5051/2, 5051/3, 5045, 5044, 3829, 3841, 3858, дел од 3763, 3765, 3768, 3769, 3820, 3821, 3827, 3828, 5079/1, 5079/2, 5078, 5077, 5076, 5075, 5074, 5073, 5071, 5070, 5069, 5065, 5064, 5101, 5106, 5110, 5110, 5109, 5118, 5119, 5120, 5121, 5122, 5126, 5127/1, 5128, 5130, 5131, 5323, 5318/1, 5317, 5316, 5312, 5311, 5310, 5309, 5308, 5294, 5293/1, 5293/2, 5293/3, 5292, 5225, 5222, 5223/2, 5229, 5230, 5231, 5232, 5333, 5238, 6287, 5466, 5453, 5545, 5512, 5631, 5538, 5539/4 и

КП 5599, 5598/1, 5597, 5596/1, 5739/4, 5738, 5737/3, 5735, 5734, 5731/3, 5733, 5732, 5729, 5778, 5780, 5777, 5776, 5775, 5774, 5770, 5769, 5788, 5789, 5790, 5792/9, 5800, 5799, 5797, 5798, 5823, 5822, 5819, 5840, 5841, 5842, 5843, 5844, 5845, 5846, 5847, 5848, 5850, 5963/6, 5962/2, 5961, 5960, 5959, 5958, 5957, 5956/1, 5955/1, 5954/3, 6246/7, 6247/6, 6248/6, 6249/8, 5952, 5951, 5950, 5949/2, 5948, 5947, 5946, 5943/3, 5943/2, 5941, 5843, 5842, 5841, 5840, 5839, 5838, 5837, 5835, 5834, 5833, 5832, 5831,



5830, 5829, 5828, 5827, 5826, 5707, 5708, 5709, 5710, 5711, 5712, 5787, 5786, 5785, 5784, 5783, 5782, 8781, 5780, 5779, 5778, 5729, 5732/1, 5733, 5731, 5734, 5735, 5737, 5738, 5739, 5596/1, 5597, 5598/1 ..........................................................................**12 €**

**6.1.3.** Во јужен дел од Кучевиште, по надворешните граници на КП 5639/1, 5639/2, 5639/3, 5639/4, 5639/5, 5639/6, 5640, 5641, 5507, 5508, 5509, 5510, 5511, 5513, 5534, 5533, 5529, 5528, 5527, 5526, 5525, 5474, 5202, 5207/1, 5207/2, 5207/3, 5207/4, 5207/5, 5207/6, 5207/7, 5207/8, 5207/9, 5207/10, 5206/1, 5206/2, 5206/3, 5206/4, 5206/5, 5206/6, 5206/7, 5205, 5194, 5195, 5196/1, 5196/2, 5196/3, 5489/1, 5489/2, 5489/3, 5489/4, 5489/5, 5489/6, 5489/7, 5489/8, 5489/9, 5489/10, 5489/11, 5494/1, 5494/2, 5494/3, 5494/4, 5496/1, 5496/2, 5496/3, 5496/4, 5496/5, 5499/1, 5499/2, 5499/3, 5499/4, 5499/5, 5498/1, 5498/2, 5498/3, 5498/4, 5498/5, 5668, 5669, 5670, 5671, 5672/1, 5672/2, 5672/3, 5672/4, 5672/5, 5673, 5895/1, 5895/2, 5895/3, 5895/4, 5895/5, 5895/6, 5896/1, 5896/2, 5912/1 до 5612/23, 5913/1 до 5913/7, 5914/1 до 5914/8, 5915/1 до 5915/8, 5916/1, 5916/2, 5917/1 до 5917/3, 5918/1 до 5918/16, 5919/1 до 5919/5, 5920/1 до 5920/9, 5921/1 до 5921/21, 5925/1 до 5925/7, 5926/1 до 5926/5, 5927/1 до 5927/3, 5928/1 до 5928/6, 5930/1 до 5930/3, 5931, 5906, 5905, 5904/1 до 5904/3, 5860/1 до5860/3, 5934/1 до 5934/5, 5937, 5938, 5940, 5857, 5856, 5859, 5855, 5854, 5688, 5679, 5686, 5687/1 до 5687/21, 5640/1 до 5640/5, 5639/1 до 5639/6 ...................................**30 €**

**6.1.4.** За нови објекти за времено сместување А4 мотели, хостели, планинарски домови, ловни домови, кампови и сл. се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина на приземјето и спратовите, на цела територија на опфатена со општите акти .......................................................................................................................... **240 €**

**6.1.5.** За нови објекти за времено сместување А4 викенд куќи се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина на приземјето и спратовите, на цела територија на опфатена со општите акти ........................................................................................... **200 €**

**6.2. Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

**6.2.1.** За комерцијални и деловни објекти (Б1 мали комерцијални и деловни единици, Б2 големи трговски единици, Б3 големи угостителски единици, Б4 деловни простории) надоместок за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува: ..........................................**30 €**

**6.2.2.** За комерцијални и деловни објекти Б5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, надоместок за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува:...................**700 €**

**6.3. В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ**

**6.3.1.** За јавни објекти (В1 образование, В2 здравство, В3 култура, В4 државна инаституција и В5 верска иституција), надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува: ......................**9 €**



**6.4. Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИС**

**6.4.1.** За објекти со намена производство, дистрибуција и сервис (Г1 тешка загадувачка индустрија, Г2 лесна и незагадувачка индустрија, Г3 сервис, Г4 стовариште) надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува: ......................................................................**700 €**

**6.5. Д ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**

**6.5.1.** За објекти со намена спорт и рекреација (Д3 спорт и рекреација) надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина изнесува: ......................................................................................**20 €**

**6.6. Е ИНФРАСТРУКТУРА**

**6.6.1.** За објекти со инфраструктура (Е2 комунална супраструктура и Е3 некомпатибилна инфраструктура) надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето развиена површина ......................................................... **20 €**

**7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објектите наведени во точка 6 од оваа Програма ќе се пресметува врз основа на корисната површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории на објектот, согласно заверената проектна документација, помножена со коефициентите од точка 5 од оваа Програма.

За секој вид на простор што не е опфатен во точка 6 од оваа Програма, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува по аналогија, како за просторот утврден со оваа Програма.

За изградба на нови објекти, на површини на кои постојат стари објекти, а се рушат, надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува на начин што се одбива по 1 м2 развиена површина од стариот објект, за сметка на новиот објект.

Одобрение за градба на објект не смее да се издаде се додека не се плати надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште инвеститорите го плаќаат врз основа на склучен договор со општината.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште инвеститорите го плаќаат во денарска противвредност на **€ (ЕВРОТО)** по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, на денот на уплатата.

## 8. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Средствата што се акумулираат од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општина Чучер-Сандево.



Средствата од претходниот став се распределуваат за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште, Програмата за изработка на урбанистички планови и Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици.

## 9. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште ќе се извршува во зависност од динамиката на приливот на планираните средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се плаќа врз основа на пресметка.

Инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објект се додека не ги измири финансиските обврски за уредување на градежното земјиште, како и право на приклучок на комуналната инфраструктура.

## 10.ОБЈЕКТИ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКАТА

Во тековната година, доколку се градат објекти од јавен интерес на Републиката, ќе се дава оценка за нивното влијание врз животната средина и природата, согласно одредбите од соодветните закони.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Оопштина Чучер-Сандево.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево“.

**Бр. 08-1309/9**
**31.12.2018 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**

# 68.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавуваат **Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.



**Бр.09-1370/8** **Општина Чучер-Сандево**
**31.12.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **14-та** седница одржана на **31.12.2018** година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

1.Годишната програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

2.Во текот на 2019 година се планираат активности за изработка на:

-Урбанистички план за вон населено место - индустриска зона Глуво-Бразда;
- Урбанистички план за вон населено место - дел од КО Побожје и
-Општ акт за с.Блаце.

3.За финасирање на програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година.

4.Во текот на годината зависно од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

5.Врз основа на Годишната програма за изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот ќе склучи договор за изработка на планови со правни лица кои имаат овластувања и лиценца за изработка на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање со исклучок на Урбанистички план за вон населено место - индустриска зона Глуво-Бразда, за кој план општината врз основа на Програмата за 2017 година и спроведена постапка има склучено договор.

6.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр.08-1309/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**31.12.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер-Сандево** **Ацо Ушковски с.р.**



# 69.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО С.САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на програма за проекти од областа на културата на општинската јавна установа Партизански дом Сандево с.Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **14-та** седница, одржана на **31 декември 2018** година.

**Бр.09-1370/9** **Општина Чучер-Сандево**
**31.12.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/02 ) и член 23 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на општина Чучер-Сандево на **14-та** седница, одржана на **31.12.2018** година, расправајќи по Програмата за проекти од областа на културата на ОЈУ Партизански дом “Сандево” с.Сандево, за 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО С.САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

1.Со оваа одлука, се усвојува Програмата за проекти од областа на културата на ОЈУ Партизански дом “Сандево” с.Сандево, за 2019 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер - Сандево”.

**Бр.08-1309/11** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**31.12.2018 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** — **Ацо Ушковски с.р.**



## С О Д Р Ж И Н А


стр

**61.** **Буџет на Општина Чучер-Сандево за 2019 година.................................. 2**

**62.** **Буџетски цалендар ...................................................................... 36**

**63.** **Одлука за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2019 година........................................... 37**

**64.** **Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2019 година................................................................................. 43**

**65.** **Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници во 2019 година ............................ 44**

**66.** **Програма за работа на Советот на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ........................................... 45**

**67.** **Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година ..................... 57**

**68.** **Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2019 година.................... 67**

**69.** **Одлука за усвојување на програма за проекти од областа на културата на општинската јавна установа Партизански дом Сандево с.Сандево за 2019 година .............................. 68**